ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
# УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (631)

01 2019 05 5/2

**Скопје, февруари 2020**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 6 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Биланс на состојба | 8 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 9 |
| - Основни сметководствени политики | 9 - 10 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 10 - 13 |

Кратенки користени во извештајот:

УХМР – Управа за хидрометеоролошки работи;
ЗЈН – Закон за јавни набавки.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 17-259/2**

**Дата: 05.02.2020**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи (во понатамошниот текст УХМР)  на сметката на основниот буџет (631) за 2018 година.

За финансиските извештаи на УХМР за 2018 година ревизијата изрази мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија, и издаден е извештај за финансиските извештаи на УХМР за 2011 година при што ревизијата се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности, и неповолно мислење за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива .

Извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките од Конечниот извештај на УХМР за 2011 година, при што констатиравме дека целосно се спроведени се 3 (три) препораки.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година констатирано е  нецелосно спроведен попис на средствата и обврските.

За надминување на констатираните состојби дадена е препорака во извештајот. Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 141/4 од 20.12.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на УХМР на сметката на основен буџет (631), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2011 година на Управата за хидрометеоролошки работи и изразено е воздржување од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Центарот застапувана од:

- м-р Ивица Тодоровски - вршител на должноста директор од 03.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.05.2019 до 13.09.2019 година кај Управа за хидрометеоролошки работи - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на УХМР за 2012 година бр.34-170/9 од 2012 година. Спроведена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките и доставен е Преглед за статусот на препораките со Допис бр.34-164/2 од 22.02.2013 година.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки, ревизијата констатира дека целосно е постапено по дадените препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 18 ноември 2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Финансиски извештаи

Пописот на средствата и обврските со состојба на ден 31 декември 2018 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на побарувањата, односно не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата, и не ги утврдила причините за неблаговремената наплата и плаќање на истите, како и нивната старосна структура.
Поради нецелосно и неправилно извршениот попис на предлог на ревизијата со решение на директорот број.02-1220/3 од 02.09.2019 година, формирана е комисија за спроведување на вонреден попис на побарувања од купувачи, со кој беа опфатени евидентираните побарувања на оваа сметка во вкупен износ од 1.612 илјади денари. Комисијата утврди дека дел од побарувањата во вкупен износ 928 илјади денари потекнуваат од период од (1999-2009 година) за кои биле покренати судски постапки

пред надлежен суд и истите не можат да бидат наплатени поради тоа што субјектите кои должат се избришани од Централен регистар или е завршена стечајна постапка над истите и за истите комисијата предложи на одговорното лице да бидат отпишани. Со решение бр.02-1220/8 од 12.09.2019 година одговорното лице на УХМР го прифати предлогот на пописната комисија и ги задолжи одговорните лица во Секторот за финансиски прашања да ги спроведат корективните книжења на ненаплатливи побарувања (подетално објаснето во точка 6.) .

**Препорака**
Одговорното лице на Управата да преземе активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесениот наод во точката 4.1. е основ за изразување на мислење е нецелосно спроведениот попис на средствата и обврските.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Управа за хидрометеоролошки работи на ден 31 декември 2018 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управа за хидрометеоролошки работи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

Во текот на ревизијата со налог број 1/22-19 од 11.09.2019 година извршена е корекција на позицијата Побарувања од купувачи и Пасивни временски разграничувања, односно се изврши намалување на актива и пасива во Билансот на состојба за 928 илјади денари, за вредноста на утврдени застарени побарувања од минатите години.

**Управа за хидрометеоролошки работи**
**Сметка на основен буџет (631)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 1.301 | 3.071 |
| **Вкупно приходи** | | 1.301 | 3.071 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 569 | 2.601 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 113 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 682 | 2.601 |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 326 | 59 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 326 | 59 |
| **Вкупно расходи** | | 1.008 | 2.660 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | 293 | 411 |

**Управа за хидрометеоролошки работи**
**Сметка на основен буџет (631)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 294 | 412 |
| Побарувања | 4.1.2. | 684 | 1.540 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 66 | 66 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 238 | 252 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 8 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.290** | **2.270** |
| **Вкупна актива** | | **1.290** | **2.270** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1. | 16 | 8 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.2. | 238 | 201 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 1.036 | 2.061 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.290** | **2.270** |
| **Вкупна пасива** | | **1.290** | **2.270** |